# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.158 од 30.10.2014 година**

### Член 1

Во Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија” број 92/2007, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 и 164/13) во членот 11 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) По изјава за безбедност, работодавачот е должен да обезбеди мислење од синдикатот или преставникот на вработените таму каде што нема синдикат.”
Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

### Член 2

Во членот 12 став (2) зборовите: ,,свој претставник” се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа”.

### Член 3

Во членот 13 зборовите: ,,нивните претставници” се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа.”

### Член 4

Во членот 26 став (1) зборовите: ,,нивните претставници” се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат, или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа.”

### Член 5

Во членот 27 став (1) по зборот ,,вработените” се става запирка, а зборовите: ,,или на нивните претставници” се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа.”
Во ставот (2) зборот ,,претставниците” се заменува со зборовите ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа.”

### Член 6

Во членот 30 став (1) алинеја 1 по зборот „работа‟ се додаваат зборовите: „најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати во годината‟.
Во алинејата 3 сврзникот ,,и” се заменува со запирка.
Во алинејата 4 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот ‟и” и се додава нова алинеја 5, која гласи:

,,- задолжително писмено да бидат известени од страна на работодавачот, веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од настанот, за смртен случај, колективна несреќа и повреда при работа која предизвикува времена неспособност за работа во траење повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која преставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.”

**Член 7**

По членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

**„Член 30-а**

Правата утврдени со членот 30 став (1) од овој закон, покрај претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, ги имаат и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат.”

**Член 8**

Во членот 36 став (1) по зборот ,,трудот‟ се додаваат зборовите: ,,и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа”.

**Член 9**

По главата IV. се додава нова глава IV. – а и два нови члена 42-а и 42-б кои гласат:

**„IV.- а ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА ВО РУДНИЦИ ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА**

**Член 42-а**

(1) Право на безбедност и здравје при работа согласно одредбите од овој закон имаат студенти кога се наоѓаат на практична работа во рудниците во рамки на образовната програма.
(2) Работодавачот е должен пред започнување со практична работа во рудниците да ги запознае со мерките за здравје и безбедност при работа.

**Член 42-б**

(1) Извршувањето на практичната работа во рудниците може да започне само по претходно одобрение од одговорното лице кај работодавачот за завршена обука за практична работа на студентите. Пред секое започнување на практична работа студентите ќе потпишат изјава дека се запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа.
(2) Работодавачот е должен на студентите да им обезбеди лична заштитна опрема и да ги обучи за користење на истата.
(3) За време на практичната работа работодавачот и организаторот на практичната работа назначуваат по едно одговорно лице кое ќе присуствува за време на изведувањето на практичната работа.
(4) Работодовачот во соработка со организаторот на практичната работа треба да изготват план за работните места кои се безбедни за извршување на практичната работа за студентите.‟

**Член 10**

Во членот 56 став (1) алинеја 1 зборовите: ,,нивните претставници" се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа".

Во алинејата 6 зборовите: ,,нивните претставници" се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат, или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа".

Во алинејата 7 зборовите: ,,нивните претставници" се заменуваат со зборовите: ,,претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа".

**Член 11**

Во членот 58 став (1) алинеја 13 сврзникот "и" се заменува со запирка.

Алинејата 14 се менува и гласи:

„ -во рок од 48 часа не го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените и претставникот за секој смртен случај, колективна несреќа и повреди при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа (член 36), ".

По алинејата 14 се додаваат три нови алинеи 15,16 и 17, кои гласат:

"- не ги запознае студентите со мерките за безбедност и здравје при работа пред започнување со практичната работа во рудниците (член 42-а став (2));

- изведува практична работа без потпишана изјава од студентите дека се запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа (член 42-б став (1)) и

`- не обезбеди лична заштитна опрема за студентите и обука за користење на истата (член 42-б став (2))."

**Член 12**

Се овластува Законодавно правната комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за безбедност и здравје при работа.

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија.